ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-358/9**

**Дата: 13.04.2011**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година.

Во период септември - декември 2009 година евидентиран е приход од дополнителна дејност по основ извршени амбулантски и болнички услуги на пациенти за кои нема доказ за закажан лекарски преглед во редовно работно време и дека се ставени на листа за чекање, што е услов за пациентот да побара здравствена услуга во дополнителна дејност, заради намалување на времето на чекање и избор на лекар.

Ревизијата препорачува работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки за евидентирање на закажани лекарски преглед во редовно работно време со листа за чекање за секој пациент, а во барањето на пациентот за добивање здравствена услуга од здравствен работник како дополнителна дејност, да се наведе датум и час на закажан лекарски преглед (хируршка интервенција) во редовно работно време.

Со ревизија на приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на лекови и медицински материјали, констатиравме дека испорачаните количини од болничка аптека до организационите единици, сметководствено се евидентирани врз основа на месечни извештаи за вкупно издадените лекови и медицински материјали и вкупно потрошени количини искажани во пресметки за извршени здравствени услуги без разграничување по организациони единици, поради што нема податоци за состојбата на залиха на лековите и медицинските материјали по организациони единици (одделенија).
Ревизијата препорачува да се преземат мерки за воспоставување на целосна материјална и сметководствена евиденција на лековите и медицинските материјали со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици (одделенија) и врши попис на целокупните залихи, со усогласување на фактичката со сметководствената евиденција.

Информациониот систем/софтвер за амбулантско и болничко работење и софтвер за финансиска, магацинска и материјална евиденција, не е целосно интегриран, што има влијание на точноста и споредливоста на податоците искажани во евиденциите, како и усогласеност на називите, мерните единици и цените со утврдените во договорите за јавна набавка.
Ревизијата препорачува Универзитетската клиника да обезбеди целосно имплементирање и интегрирање на информациониот систем, поврзување на материјалната евиденција со софтверот за амбулантско и болничко работење, заради обезбедување точни и целосни податоци.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 20-22 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија за 2009 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија .

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, застапувана од:

- Д-р Никола Јанкуловски, в.д. Директор од 08.07.2008 година до 02.02.2009 и директор од 02.02.2009 до 14.04.2009 година
- Ѓорѓе Босиљанов, директор од 02.02.2009 година
- Д-р Александар Караѓозов, в.д. Директор на Универзитетската клиника од 14.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази кои што ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 17.11.2010 до 14.12.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 28.01.2010 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 09-358/1 од 04.03.2011 година.

### 4.1. Интерни контроли

#### Процес на набавки и плаќање

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на набавки и плаќање, во делот на прием и евиденција на документите, ревизијата го констатира следното:

- не се воспоставени пишани процедури за движењето на целокупната документација и одобрување на истата од страна на одговорните лица на Универзитетската клиника. Распоредување на актите по организациони единици не се врши врз основа на План на архивски знаци, што не е во согласност со член 7 од Уредбата за канцелариско и архивско работење и

- не се води посебна евиденција за печатите и штембилите што ги употребува Универзитетската клиника, односно ракувањето со печати и штембили е без овластување од страна на директорот, што не е во согласност со член 22 од Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Непостоењето на пишани процедури за движење на документација, не дефинирани надлежности и одговорности на лицата кои ракуваат со печати и штембили, создаваат ризик од неточност на трансакциите евидентирани во трговските книги на Универзитетската клиника, односно ризик евидентираните обврски да не се однесуваат на Универзитетската клиника.

**Препорака**:
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да преземат мерки за донесување и воспоставување интерни акти со кои ќе се изврши поделба на надлежности и одговорности на лицата задолжени за контрола, како и дефинирани надлежности и одговорности на лицата кои ракуваат со печати и штембили.

**Процес на управување и евидентирање на залихи**

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на управување и евидентирање на залихи, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Универзитетската клиника нема пишани процедури за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лекови и медицински материјали, во рамките на болничка аптека и секоја организациона единица, како и за вградените материјали за операциона сала, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола,
- при издавање на лекови и медицински материјали од болничка аптека до организационите единици (одделенија) неправилно е воспоставена процедура согласно која при пополнување на аптечните книги - книги за прием на лекови и медицински материјали, истите не се потпишуваат од лицата кои го извршиле приемот и

- не се воспоставени контроли за приемот и потрошокот на лековите и медицинските материјали по организационите единици (одделенија).

Ваквата состојба создава ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите и нивниот потрошок по организациони единици (одделенија) на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да преземат мерки за донесување и воспоставување интерни акти за имплементирање на процедури кои ќе овозможат целосност на податоците поврзани со издавањето, потрошокот и евидентирањето на залихата на лековите и медицински материјали во рамките на болничка аптека и секоја организациона единица, како и за вградените материјали за операциона сала.

**Процес на јавни набавки**

4.1.3. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки, констатирано е дека воспоставените контролни системи не се доволни за да се избегне ризикот од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во наведениот процес, односно набавката на стоки, услуги и работи да се врши по најповолни цени и услови, превземањето на обврските да биде во рамките на обезбедените финансиски средства, како и да се врши следење на реализацијата на склучените договори.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки за донесување, воспоставување и непречена примена на интерни акти со кои ќе се овозможи фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во 2009 година како работоводен орган на Универзитетската клиника назначено е едно лице, в.д. директор од областа на медицината и лице како директор од областа на економските науки, што не е во согласност со член 137 од Законот за здравствена заштита. Во текот на 2009 година Управниот одбор на Универзитетската клиника по истекот на законски предвидениот рок за именување нема спроведено конкурс за именување на директор, со што Министерот за здравство нема донесено решение за именување на директор. Ваквата состојба не

овозможува еднаква одговорност на две лица во работењето и во преземањето на обврските во правниот промет.

Од страна на Управниот одбор донесена е одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен орган (директор) бр.02-949/3 од 27.12.2010 година. Со одлука број бр.02-949/4 од 30.12.2010 година формирана е конкурсна комисија за спроведување на јавен конкурс и е објавен Јавен конкурс за именување на работоводен орган (директор) бр.02-949/13 од 31.12.2010 година, за што е доставено известување до Министерството за здравство бр.02-973/1 од 31.12.2010 година.

**Препорака:**
Министерство за здравство, заради непречено извршување на дејноста на Универзитетската клиника, да изврши именување на директор како работоводен орган.

4.2.2. Универзитетската клиника нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетската клиника нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника, во актите за систематизација на работните места да предвиди и да основа Единица за внатрешна ревизија.

4.2.3. Работоводниот орган на Универзитетската клиника за 2009 година нема склучено посебни договори за вработување на неопределено работно време со вработените, што не е во согласност со член 13 од Законот за работни односи и член 21 од Колективниот договор за ЈЗУ. Ваквата состојба се должи на настанатите измени во законската регулатива и воведување на концептот бруто плата при што исплатата на плата се врши врз основа на Решенија за распоредување и плата на вработените каде не е утврдена основната бруто плата, правата, обврските и

одговорностите за секој вработен согласно Актот за систематизација на работни места.

Во текот на 2010 година склучени се Анекси на договорите за вработување, освен за вработените кои се распределени на нови работни места со кои се склучени нови договори за вработување.

Со донесувањето на Законот за јавните службеници, вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејноста на здравството стекнуваат статус на јавни службеници.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки актот за систематизација на работните места да го усогласи со законот и подзаконските акти и да склучи договори за вработување со вработените.

4.2.4. Склучена е Спогодба за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците помеѓу Медицинскиот факултет Скопје и Универзитетската клиника, согласно која наставниците и соработниците правата и обврските од работен однос треба да ги остваруваат во двете установи, правото на плата и надоместоци на плата да го остваруваат сразмерно на работното време поминато во двете установи, а пресметката и исплатата треба да ја вршат двете установи.

Во текот на 2009 година, наставниците и соработниците, правата за плата и други права по основ на плата ги остваруваат согласно склучениот договор за работа со Универзитетската клиника и немаат засновано работен однос, односно немаат склучено договор за вработување со Медицинскиот факултет, што не е во согласност со член 14 од наведената спогодба и член 28 од Законот за работните односи, согласно кој договорот за вработување треба да содржи одредби за висината на плата, сразмерно на одредбата дали се работи за работен однос со полно или пократко работно време.

За вршење на образовната и научноистражувачка дејност на Универзитетската клиника, трансферирани се средства од страна на Медицинскиот факултет во износ од 1.049 илјади денари и истите се исплатени на наставниците и соработниците, како додаток на плата.

Поради не извршено разграничување на времето поминато на работа на Универзитетската клиника и на Медицинскиот факултет, како основа за исплата на плата и придонеси, на оваа категорија вработени, Универзитетската клиника исплатила плата за полно работно време и во исто време и надоместок на плата за часови на работа поминати на Медицинскиот факултет.

Во врска со утврдување на работното време на наставниците и соработниците вработени во Универзитетската клиника, а избрани во наставно научни, научни и соработнички звања на Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Медицински факултет Скопје донесена е Одлука на Управен одбор бр. 02-911/3 од 16.12.2010 година, со која извршено е разграничување на полното работно време на избраните лица во звања кое го остваруваат во двете установи.

**Препорака:**

Универзитетската клиника и Медицинскиот факултет, да ги продолжат отпочнатите активности за склучување на поединечни договори за вработување на наставниците и соработниците со двете установи сразмерно на времето поминато за вршење на соодветната дејност.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

4.3.1. При вршењето дополнителна дејност во период септември - декември 2009 година евидентиран е приход од дополнителна дејност во износ од 1.243 илјади денари по основ извршени амбулантски и болнички услуги (хируршки интервенции) на пациенти за кои нема доказ за закажан лекарски преглед во редовно работно време и дека истите се ставени на листа за чекање, што не во согласност со член 11 од Правилникот за дополнителна дејност на здравствените работници. Во писмените барањата на пациентите за добивање здравствена услуга од здравствен работник како дополнителна дејност надвор од редовното работно време заради намалување на времето на чекање нема наведен датум и час на закажан лекарски преглед во редовно работно време. Поради ваквата состојба ревизијата не беше во можност да се увери, дали пациентот претходно веќе имал закажан лекарски преглед кај здравствениот работник во редовно работно време, што е услов да побара здравствена услуга

во дополнителна дејност, заради намалување на времето на чекање и избор на лекар.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки за евидентирање на закажани лекарски прегледи за секој пациент во редовно работно време со листа за чекање, а во барањето на пациентот за добивање здравствена услуга како дополнителна дејност надвор од редовното работно време да се наведе датум и час на закажан лекарски преглед (хируршка интервенција) во редовно работно време.

4.3.2. За давањето и користењето на здравствените услуги од страна на другите ЈЗУ, Универзитетската клиника нема склучени договори за регулирање на меѓусебните права и обврски (освен со шест Универзитетски клиники и Медицински факултет Скопје), што не е во согласност со член 13 од Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита склучен со ФЗОМ. Поради не извршено уредување на видот, обемот, условите и начинот на давање на услугите како и условите и начинот на користење и плаќање на истите, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во износ од 5.309 илјади денари и остварените приходи во износ од 52 илјади денари по овој основ.
Во 2010 година Универзитетската клиника има склучено договори за регулирање на меѓусебните права и обврски како корисник на услуги со девет ЈЗУ и Медицински факултет Скопје.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника за користењето и давање на здравствените услуги со други јавни здравствени установи да ја продолжи отпочната активност и да склучи договори за регулирање на меѓусебните права и обврски и со останатите јавни здравствени установи.

**Биланс на состојба**

4.3.3. Со ревизија на залихите на лекови и медицински материјали и извршениот попис за 2009 година, ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со член 6 и член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 11 и член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- испорачаните количини на лекови и медицински материјали од болничка аптека до организационите единици сметководствено се евидентирани врз основа на месечни извештаи за вкупно издадените лекови и медицински материјали без разграничување по организациони единици. Издадените лекови и медицински материјали се евидентирани како потрошени врз основа на стационарните и амбулантските пресметки за извршени здравствени услуги, вкупно за сите организациони единици и
- не е извршен попис на лекови и медицински материјали по организациони единици – одделенија. Извршениот попис на залихите на лекови и медицински материјали во болничка аптека е усогласен со искажаните податоци во материјалната и сметководствената евиденција.

Поради вршење на нецелосен попис на залихата на лекови и медицински материјали во одделенијата, ревизијата не ја потврдува целосноста на искажаните залихи во финансиските извештаи, кои на ден 31.12.2009 година изнесуваат 1.388 илјади денари.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки за да воспостави целосна материјална и финансиска евиденција на лековите и медицинскиот материјал со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици (одделенија) и врши попис на целокупните залихи, со усогласување на фактичката со сметководствената евиденција.

**Информациони системи**

4.3.4. Универзитетската клиника во текот на 2009 година користи два посебни апликативни софтвери, софтвер за материјална и финансиска евиденција и софтвер за фактурирање кај амбулантско и болничко работење кои ги одржува еден надворешен субјект со кој е склучен договор за одржување. Софтвер за материјална евиденција не е инсталиран по организациони единици - одделенија и не постои мрежна поврзаност на истиот со болничка аптека. Не постои поврзаност на софтверот за материјалната евиденција за издадените вградени материјали во операциона сала и лековите и медицинскиот потрошен материјал по одделенија со софтверот за фактурирање за искажаниот потрошок во пресметките за

извршени здравствени услуги кај амбулантско и болничко работење.

Универзитетската клиника во текот на 2009 година има спроведено постапка за јавна набавка на интегриран апликативен софтвер, но поради неможноста на најповолниот понудувач да обезбеди –interface- поврзување, Министерството за здравство нема дадено согласност за набавка на истиот.

Непостоење на интегриран информационен систем за целокупната евиденција, има влијание на точноста и споредливоста на податоците искажани во евиденциите, како и усогласеност на називите, мерните единици и цените со утврдените во договорите за јавна набавка.

Во 2010 година по барање на Универзитетската клиника од страна на надворешен субјект со кој е склучен договор за одржување на софтверот, воспоставено е електронско поврзување само на цените на потрошените лекови и медицински материјали во пресметките за извршени здравствени услуги со набавните цени по договорите за јавна набавка.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника, во рамките на склучените договори за одржување, да обезбеди целосно интегрирање на информациониот систем, кој ќе биде мрежно поврзан и тоа болничка аптека со одделенијата и поврзаност на одделенијата и магацинот за вградени материјали со евиденциите за амбулантско и стационарно лекување.

## 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

4.4.1. При увидот во начинот на спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008 и 2009 година, извршивме ревизија на 14 од вкупно 44 спроведени постапки. Опфативме 85% од вредноста на склучените договори односно износ од 112.373 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- Универзитетската клиника не го известила Бирото за јавни набавки за склучени договори во износ од 3.041 илјади денари по претходно спроведена постапки за јавна набавка. Утврдената состојба не е во согласност со член 55 и член 103 од Законот за јавни набавки. Постапки за кои не е доставено известување за склучен договор се однесуваат на набавка на услуга за осигурување на имот, опрема и залихи и за набавка

на сервис на инфузиони пумпи (со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас); за набавка на лекови (6/2008 анекси и 6/2009) и за набавка на дезинфекциони средства 9/2009 (отворена постапка).

4.4.2. Во текот на 2009 година извршени се набавки во висина од 1.225 илјади денари, без склучен договор за групна набавка со ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, УК, Завод и Ургентен центар Скопје за набавка на ситен инвентар и канцелариски материјали, што не е во согласност со член 5 од Договорот за уредување на меѓусебни односи и член 24 од Законот за јавни набавки. Поради ваквата состојба Универзитетската клиника врши набавки без да ги дефинира сите права и обврски во однос на економскиот оператор со кој е склучен договорот за јавна набавка.

**Препорака:**
При спроведување на постапките за јавни набавки, Универзитетската клиника да обезбеди остварувања на барањата утврдени со Законот јавните набавки, односно транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавни набавки, ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки, како и следење на реализацијата за условите утврдени во договорите за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точката 4.3.1., 4.3.2. и 4.3.3., е: евидентиран приход од дополнителна дејност по основ извршени амбулантски и болнички услуги на пациенти за кои нема доказ за закажан лекарски преглед во редовно работно време во износ 1.243 илјади денари, не извршено уредување на видот, обемот, условите, начинот на давање и плаќање на здравствени услуги со други ЈЗУ, невоспоставена материјална и сметководствена евиденција на лековите и медицинските материјали и не извршен целосен попис на залихата на лекови и медицински материјали по организациони единици.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на

Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хируругија Скопје, на ден 31.12.2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Министерството за здравство на дел од јавните здравствени установи има издадено решенија за вршење на фармацевска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенија им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.

Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издаваат во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на јавните здравствени установи, односно универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови.

Ако се имаат во предвид следните аспекти:

- аптеките во Законот за здравствена заштита се предвидени како една од видовите на здравствените установи, самостојна установа, кои се основаат односно организираат за пружање на здравствена услуга, (член 95 од Законот за здравствена заштита),
- аптеката врши фармацевтска здравствена дејност, а особено врши набавка, сместување, чување, издавање, испитување и контрола на лекови, санитетски материјални средства и лековити супстанци, изработува магистрални лекови и галенски препарати, дава упатства за употреба на издадените лекови, набавува и издава средства за детска и диетална исхрана, ортопедски помагала, прибори и медицински инструменти, (член 111 од Законот за здравствена заштита) и

- во аптеките се врши промет на мало со лекови (член 82 од Законот за лековите),

можеме да констатираме дека наведените законски одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на јавните здравствени установи, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установа.

Согласно наведеното сметаме дека установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови потребно е да преземат иницијатива за дополнување на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно нивните надлежности и одговорности.

6.2. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Ваквата состојба овозможува превземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. На ден 31.12.2009 година Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 4.145 илјади денари.

6.3. Како составен дел на реформите во системот на здравството во Република Македонија, започнувајќи од 01.01.2009 година, се воведе нов систем на евидентирање и фактурирање на здравствените услуги наречен Дијагностичко сродни групи (ДСГ).

Со цел да овозможи поефикасна употреба на ДСГ системот во Република Македонија, од страна на Фондот формирана е Работна група за ДСГ, чија основна задача е да ја следи имплементацијата на системот и да

учествува во неговото усовршување и надградба во соработка со сите учесници вклучени во ДСГ имплементацијата.

Фондот, врз основа на расположливиот буџет и коефициентите за услугите, ги дефинираше референтните цени за секоја ДСГ услуга. Овие цени се максимални цени кои Фондот ги признава за соодветни извршени услуги.

Плаќањето на здравствените услуги од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се врши во висина на вкупниот надоместок утврден со Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита во износ од 101.890 илјади денари. Во текот на 2009 година, Универзитетската клиника извршила здравствени услуги за осигурени лица на товар на Фондот во вкупен износ од 94.605 илјади денари, односно 7.285 илјади денари помалку од договорениот вкупен надоместок.

Со ревизијата на ДСГ системот, ревизијата констатираше дека плаќањето на здравствените услуги по ДСГ методата, по цени кои се одобрени од страна на ФЗОМ, не овозможува Универзитетската клиника во 2009 година да ги покрие реалните трошоци за лекови и медицински материјали и здравствени услуги. Од друга страна Универзитетската клиника на ден 31.12.2009 година има искажани неизмирени обврски во износ од 58.592 илјади денари.

Универзитетската клиника во текот на годината има доставено повеќе известувања до ФЗОМ за утврдените разлики во висината на реалните трошоци на здравствените услуги и недостигот на средства кој ќе се јавува со примена на методата на ДСГ.

ФЗОМ, како надлежна институција, во насока на усовршување и надградба на методата на ДСГ, во фазата на известување од ревизијата, достави преглед за извршени корекции и дефинирани нови референтните цени за поголем број ДСГ услуги кои ги врши Универзитетската клиника, заради непречена практична имплементација на методата на ДСГ.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. Со известување бр.07-7686 од 24.09.2009 година доставено од Министерство за здравство на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија од 01.10.2009 година е забрането вршење на дополнителна дејност за лицата со малигни заболувања. Здравствените работници – специјалисти вработени во здравствени установи што вршат специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита со над седум години работно искуство во специјалноста согласно член 2 од Правилникот за дополнителна дејност на здравствените работници

можат да укажуваат здравствени услуги како дополнителна дејност, доколку имаат лиценца за работа во установата каде што се вработени или во друга здравствена установа која е регистрирана за истата дејност откако ги исполниле обврските на работното место поврзани со дејноста што ја вршат во здравствената установа во која се вработени. Издвојувањето на малигномите, како категорија на заболување за кое не може да биде укажана здравствена услуга во дополнителна дејност, претставува скратување на правото на пациентот да ги користи законските права за здравствена заштита, како уставно загарантирано право.

Согласно измените на Законот за здравствената заштита кои стапија во сила од 10.07.2010 година, видовите, цените на здравствените услуги кои се укажуваат како дополнителна дејност и нормите кои здравствениот работник кој ја врши дополнителната дејност треба да ги исполни во текот на редовното работно време се утврдуваат со акт на Јавната здравствена установа која остварува здравствена дејност и во која се врши дополнителната дејност, на кој акт согласност дава министерот за здравство. Јавните здравствени установи потребно е да го донесат овој акт во рок од три месеци од донесените измени, односно до 02.10.2010 година, и истиот да го достават до Министерство за здравство за добивање согласност, а вршењето на дополнителната дејност, согласно усвоениот акт, да го отпочнат од 02.04.2011 година.

7.2. Во текот на 2009 година за период април - декември Универзитетската клиника извршила здравствени услуги на осигурени лица во дополнителна дејност со избор на лекар, поради скратување на времето за чекање во вкупен износ од 3.976 илјади денари, кои не се платени од страна на ФЗОМ, со образложение дека ФЗОМ не е обврзан да ги плаќа фактурите за дополнителна дејност. Универзитетската клиника со допис во јуни 2009 се обратила до ФЗОМ година со барање фактурите за дополнителна дејност да бидат признаени од страна на ФЗОМ, за што не е добиен одговор. Ваквата состојба не е во согласност со член 70 од Законот за здравствено осигурување, каде е регулирано дека основните здравствени услуги на осигурените лица ги обезбедува ФЗОМ со склучување на Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита.

Со склучување на Договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита за 2010 година, ФЗОМ во целост ги признава фактурите за извршени здравствени услуги на осигурени лица во дополнителна дејност на Универзитетската клиника.

7.3. Прифатени и коригирани неправилности од страна на Универзитетската клиника во текот на ревизијата:

- Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на Универзитетска клиника извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2010 година и пуштен е налог за сторно, согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници кои имаат ефект за намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2008 година за износ од 1.559 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 17,833 | 19,324 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 107,766 | 78,525 |
| **Вкупно приходи** | | **125,599** | **97,849** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 52,240 | 44,324 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 71,671 | 49,879 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **123,911** | **94,203** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 1,635 | 2,182 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,635** | **2,182** |
| **Вкупно расходи** | | **125,546** | **96,385** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **53** | **1,464** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 53 | | 1,464 |
| Побарувања | 4.1.2. | 98,130 | | 93,451 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.3. | 289 | | 5,050 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4. | 5 | | 38 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 62,718 | | 26,634 |
| Залихи | 4.1.6. | 7,845 | | 8,771 |
| **Вкупно тековни средства** | | **169,040** | | **135,408** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 226 | | 226 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 42,528 | | 41,570 |
| **Вкупно постојани средства** | | **42,754** | | **41,796** |
| **Вкупна актива** | | **211,794** | | **177,204** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3. | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 58,592 | | 23,408 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 289 | | 273 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 1 | | 6 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.4. | 289 | | 5,050 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.5. | 3,835 | | 2,946 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.6. | 98,189 | | 94,954 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **161,195** | | **126,637** |
| **Извори на средства** | 4.4. | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 50,599 | | 50,567 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **50,599** | | **50,567** |
| **Вкупна пасива** | | **211,794** | | **177,204** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*